**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:**

Бр. 03-3

Скопје 26.03.2021 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. „Македонија“ бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

По Вашата претставка (наш арх.бр. 03-3 од 17.03.2021 година) за играниот серијал „Ангели“, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе надзор врз соодветен примерок од програмскиот сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 1 до 19 март 2021 година.

Надзорот покажа дека наводите во Вашата претставка се основани, односно дека спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, епизодите од играниот серијал „Ангели“, емитувани во горенаведениот календарски период, биле погрешно означени како програма од Втора категорија (8+), а репризите, пак, биле емитувани во несоодветен програмски термин.

Според класификациските критериуми од Правилникот, епизодите од серијалот „Ангели“ требало да бидат означени како програма од Трета категорија, непрепорачлива за деца под 12 години, односно требало да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. Врз овие основи, до Советот на Агенцијата беше доставен предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Деталите од надзорот Ви се достапни од извештајот објавен на www.avmu.mk - веб-сајтот на Агенцијата, но имајте предвид дека следува административна постапка што се одвива низ неколку фази:

- Советот на Агенцијата бара од медиумот во рок од 7 дена писмено да се изјасни за наводите во врска со стореното прекршување, а рокот почнува од денот кога медиумот ќе го прими барањето доставено по пошта;
- Земајќи ги предвид податоците од надзорот и аргументите на медиумот, Советот на Агенцијата одлучува дали ќе изрече мерка јавна опомена;

- Ако ја изрече мерката, Советот носи решение со правна поука, по што на медиумот му се пропишува рок за усогласување (за случајов, утврдениот рок е 30 дена);
- По истекот на овој рок, Агенцијата врши контролен надзор за да утврди дали радиодифузерот постапил по решението за мерка. Доколку не постапил, наредна мерка е - прекршочна постапка пред надлежен суд.

Ви благодариме за соработката.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**